OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членот 38, став 1, точка 5 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 17.5.2018 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2017 година

Член 1

Во согласност со Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2017 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2017 година во бруто-износ од 35.111.800 денари.

Член 2

Износот на бруто-дивидендата по акција изнесува 68 денари.

Член 3

Исплатата на дивидендата ќе се изврши во пари по следниот дивиденден календар:

- датумот на пресек на акционерската книга според кој се определува правото на дивиденда за 2017 година е 01.06.2018 г.,
- последен датум на тргување со право на дивиденда за 2017 година е 30.05.2018 г.,
- прв ден на тргување без право на дивиденда за 2017 година е 31.05.2018 г.,
- исплатата на дивидендата за 2017 година ќе започне на 12.06.2018 година.

Член 4

Акционерите кои имаат право на дивиденда ќе бидат известени за оваа Одлука со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат во Република Македонија и на веб-страницата на Охридска банка.

Член 5

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

Член 6

Образложението кон оваа Одлука е составен дел на оваа Одлука.

**СО бр. ___________**
**17.5.2018 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

____________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар
од страна на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2017 година

Врз основа на членот 86 од Законот за банки, членот 483 од Законот за трговските друштва и членот 38, став 1, точка 5 од Статутот на Банката, Охридска банка АД Скопје на своето годишно собрание одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка.

Во 2017 година Банката оствари нето-добивка во износ од 351.018.981 денари и истата се распределува, и тоа: дел за дивиденда, дел како задржана нераспределена добивка и дел како задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка.

Делот од нето-добивката во износ од 35.111.800 денари што се распоредува за исплата на дивиденда им припаѓа на имателите на обични акции сразмерно на вложените средства во акционерскиот капитал на Банката.

Износот на бруто-дивидендата по акција изнесува 68 денари. Акционерите кои имаат право на дивиденда ќе бидат ќе бидат известени со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат во Република Македонија и на веб-страницата на Банката. Исплатата на дивидендата ќе се изврши во пари според следниот дивиденден календар:

- Датумот на пресек на акционерската книга според кој се определува правото на дивиденда за 2017 година е 01.06.2018 г.,
- последен датум на тргување со право на дивиденда за 2017 година е 30.05.2018 г.,
- прв ден на тргување без право на дивиденда за 2017 година е 31.05.2018 г.,
- исплатата на дивидендата за 2017 година ќе започне на 12.06.2018 година.

Дивидендата која се исплаќа на домашни и на странски физички лица е предмет на персонален данок на доход, а дивидендата на странски правни лица е предмет на данок на задршка во согласност со Законот за данок на добивка.

Имајќи го во вид изнесеното, се предлага предлог-одлуката да биде усвоена во текстот како што е предложена.